Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**
Управа за финансиска полиција

**Број** 03-976/1
24.03.2021 година
**Скопје**

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

**Број** 03-337/2
26.03.2021 година
**Скопје**

Тргнувајќи од заедничката заложба и интерес да дадат свој придонес за сузбивање на финансискиот криминал, со цел заштита на финансиските интереси на Република Северна Македонија, согласно Уставот, позитивните законски прописи и ратификуваните меѓународни договори, преку развивање на соработката на полето на континуирана обука и друга меѓусебна соработка, Министерство за финансии - Управа за финансиска полиција (во понатамошниот текст Финансиска полиција) претставувано од директорот Арафат Муареми од една страна и Академија за судии и јавни обвинители "Павел Шатев" на Република Северна Македонија, претставувана од директорката судија д-р Наташа Габер Дамјановска од друга страна, (во натамошниот текст: потписници) на ден ___________ 2021 година, во Скопје, го потпишаа следниот:

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

**МЕЃУ**

**Министерство за финансии - Управа за финансиска полиција**

**и**

**Академија за судии и јавни обвинители**

**Област на соработка**

**Член 1**

Водени од потребата за меѓусебна соработка заради ефикасно спроведување на своите надлежности утврдени со Закон, потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за сузбивање на финансискиот криминал, со цел заштита на финансиските интереси на Република Северна Македонија, потписниците, се согласни заеднички да соработуваат за остварување на следните цели:

1. Продлабочување на соработката меѓу Министерство за финансии - Управа за финансиска полиција и Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија, во активности поврзани со континуирани обуки, како

поддршка и унапредување на процесот на зајакнување на капацитетите на Управата за финансиска полиција;

2. Учество на вработени лица од Управата за финансиска полиција како предавачи на обуките во Академијата, за материи кои се од надлежност на Управата за финансиска полиција и
3. Размена на теоретски и практични знаења и искуства од областа на кривичното право, како и останати области кои се од значење за работењето на Управата за финансиска полиција.

**Видови на соработка**

**Член 2**

За остварување на горенаведените дефинирани цели на Меморандумот за соработка, потписниците, се согласни да ги реализираат следните активности:

- Промовирање и организирање настани од интерес за двете институции;
- Организирање обуки и семинари;
- Учество на предавачи од Академијата, при организација на обуки од страна на Управата за финансиска полиција согласно со Законот за финансиската полиција;
- Стручна помош и анализа за конкретни работи од надлежност на Управата за финансиска полиција и
- Меѓусебно информирање за резултатите од соработката.

**Начин на реализирање на соработката**

**Член 3**

Соработката од член 2 на овој Меморандум ќе се остварува врз основа на поединечно доставени барања за секој одделен вид на соработка, со можност за склучување посебен договор за операционализација.

**Финансиски трошоци**

**Член 4**

Евентуалните финансиски трошоци кои ќе произлезат од одделените видови на соработка ќе се утврдуваат со посебен договор склучен меѓу страните потписници на овој меморандум.

**Измена на меморандумот**

**Член 5**

Овој меморандум може да се измени и дополнува со писмена согласност меѓу потписниците.

**Решавање на спорови**

**Член 6**

Споровите настанати во текот на спроведувањето на овој меморандум ќе се решаваат спогодбено меѓу потписниците.

**Влегување во сила**

**Член 7**

Овој меморандум влегува во сила со денот на неговото потпишување.

**Член 8**

Овој меморандум е изготвен во 4 ( четири ) примероци од кои 2 ( два ) примероци за Управата за финансиска полиција и 2 ( два ) примероци за Академијата за судии и јавни обвинители.

| Управа за финансиска полиција | Академија за судии и јавни обвинители "Павел Шатев" |
| --- | --- |
| **Директор**<br>Арафат Муареми<br>____________________ | **Директор**<br>**д-р Наташа Габер Дамјановска**<br>____________________ |

Скопје, __ март 2021 година.